Да се одговорат следниве прашања:

1. Дефинирај ја економијата на труд.
2. Наброј ги специфичностите на трудот како предмет на економијата на труд.
3. Како се дефинира пазарот на труд?
4. Што опфаќа работоспособното население? Скицирај со помош на дијаграм структурата на работоспособното население според економската активност.
5. Кои се основните категории вработени според економскиот статус?
6. Кои услови треба да бидат исполнети за да едно лице биде класифицирано како невработено?
7. Каква може да биде невработеноста според времетраењето? Зошто времетраењето на невработеноста претставува значаен аспект?
8. Кои се основните индикатори на пазарот на труд?
9. Кој ја спроведува Анкетата за работната сила во Република Македонија и која е нејзината основна цел?
10. Во табелата подолу се дадени контингентите на вкупното работоспособно население, бројот на вработени и бројот на невработени во Република Македонија во вториот квартал од 2013 година.

| | Вкупно работоспособно население | Вработени | Невработени |
|---|---|---|---|
| 2013-II | 1.668.423 | 678.467 | 273.860 |

*Извор: Државен завод за статистика, Анкета за работна сила*

а) Да се пресмета вкупната работна сила;
б) Да се пресмета бројот на неактивно население;
в) Да се пресмета стапката на активност;
г) Да се пресмета стапката на вработеност;
д) Да се пресмета стапката на невработеност;

Горните индикатори на пазарот на труд соодветно да се интерпретираат.

Домашната работа треба да биде предадена кај предметниот наставник во писмена форма и да не биде повеќе од две страни (А4-формат).

Рок за предавање на домашната работа е 10.03.2020 до 14:00 часот.